Бр.40-145/10
29.11.2023 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата се одржа на 29.11.2023 (среда) со почеток во 13:00 ч. на онлајн платформата Zoom.

На седницата беа присутни 6 членови на ЛСВ (прилог screenshot од Zoom)

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од четвртата седница одржана на ден 08.11.2023
2. Номинации за локална волонтерска награда за 2023 година
3. Активности по повод 5 декември Меѓународен ден на волонтерите
4. Тековни прашања

**По првата точка**, Записникот од четвртта седница од 08.11.2023 година беше усвоен со 6 гласови ЗА.

Во однос на **втората точка**, Претседателот на ЛСВ Златко Талевски отвори дискусија за номинациите за локална волонтерска награда за 2023 година. Следуваше разгледување и дискусија за номинациите од страна на присутните членови на ЛСВ.

Номинации кои беа испратени беа следниве:
- Номинација за Награда за Волонтерство за Хуманитарната Организација „Свети Спас“ – номинирана од Горан Ивановски претседател на ЕРИ Битола
- Номинација за Леонардо Сомолов – номиниран од здружението Animal Voice
- Самономинирана Јована Стојанова
- Номинација за Правна клиника при Правен факултет д.с. Битола – номинирано од Викторија Брдаровска Претседател на здружението "ВИКТОРИ"
- Номинација за Милчо Дули – номиниран од Претседателот на здружението ИМКА
- Номинација за иницијатива за волонтерска програма за Локален волонтерски сервис Битола номинирани од Марија Мерковска Крушаревска од МКЦ-Битола

ЛСВ
ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО
ОПШТИНА БИТОЛА

После водената дискусија, членовите на ЛСВ со консензус (6 гласови ЗА) одлучија да бидат наградени: хуманитарната организација „Свети Спас", Леонардо Сомолов – волонтер за заштита на животните и животната средина и волонтерската програма Локален волонтерски сервис Битола.

ЛСВ за другите номинирани ги поздрави нивните волонтерски активности и ги донесе следните заклучоци: самономинираната Јована Стојанова нема доставено доволно докази за нејзиниот волонтерски ангажман (повеќето активности се учество на обуки и работилници, што не е волонтирање), Правната клиника беше добитник на награда во 2021 година и би било пребрзо повторување, а за Милчо Дули како член на ЛСВ има конфликт на интерес и не е добра пракса самите да си даваме награди. Претседателот на ЛСВ истакна дека за сите членови на ЛСВ е еден вид награда и оддавање на признание, самото членство во ЛСВ.

Во однос на **третата точка** членовите на ЛСВ дискутираа за активностите кои ќе се организираат за 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите. Планирани се две активности, едната од нив е доделување на плакети која ќе се одржи на 07.12.2023 (четврток) во 14:00 часот во просториите на општинскиот Младински центар, со присуство на Градоначалникот на Општина Битола. Во однос на втората активност имаше дискусија меѓу членовите дали да биде истиот ден кога ќе бидат доделени плакетите или на 05.12.2023 кога е и Меѓународниот ден на волонтерите. Претседателот на ЛСВ даде предлог кој беше прифатен од сите, церемонијата со доделувањето на плакетите да биде на 07.12.2023, а панел дискусијата на 05.12.2023, после саемот за волонтерство кој ќе го организира Американското катче во Центар за култура Битола. Од членовите на ЛСВ беше даден предлог освен плакети, да се дадат и бели маици со логото на ЛСВ како награда за волонтерите. За идните години да се подготват и други нефинансиски награди за волонтерите.

За останатите детали ќе координира Сфера која доби поддршка од општина Битола за овие активности.

Во однос на **четвртата точка** се дискутираше за грантовите за волонтерски акции, дека сеуште нема префрлено средства на организациите. Донесен е заклучок да се праша во Општина Битола, кога ќе бидат префрлени средствата, како и за датумите за реализација на акциите за да можат членовите на ЛСВ да посетат на терен некоја од акциите.

| | |
|---|---|
| Записничар: | Претседател на ЛСВ: |
| Наталија Стојковска | Златко Талевски |